# *Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД III*

*април*
*2024*

1. ***<u>Дизајн на системот за внатрешна контрола</u>***

***<u>Прирачник со внатрешни процедури</u>***

Во текот на процесот на обработка на барањата по првиот повик, се појави потреба од подобрување на дизајнот на прирачникот за внатрешни процедури на ИПАРД Агенцијата, Сектор за одобрување на проекти. Предложените измени немаат значително влијание врз воспоставениот систем за управување и контрола, како и врз рамката за внатрешна контрола, а произлегуваат од потребата за подобрување на процесот на одобрување на барањата, како и подобро појаснување на потребните документи кои треба да да се доставaт со пријавата. Исто така, измените се предложени и потребни за подобро усогласување на постапката со Секторскиот договор, националното законодавство и ИПАРД III Програмата.

Измените се однесуваат на: појаснување на постапката во случаи кога административниот службеник може да побара појаснување во фаза на комплетност, технички промени при прием на барањата и генерирање на матичен број на барањето, усогласување на текстот на постапката со секторската спогодба во делот на девизниот курс за конверзија меѓу евро и национална валута, подобрување на моделот за проценка на мртва тежина и системот за контрола според првото искуство од јавниот повик 01/23 од ИПАРД III, усогласување на текстот на постапката со националното законодавство и ИПАРД програмата.

Процесот на формално одобрување од страна на НАО од 09 април 2024 година е финализиран и промените ќе се применуваат од вториот јавен повик.

2. ***<u>Прв јавен повик од ИПАРД III Програмата</u>***

На 1 септември 2023 година, беше објавен првиот јавен повик за мерките 1 и 7 од ИПАРД III програмата, кој заврши на 30 октомври 2023 година. Процесот на одобрување на првиот јавен повик е во тек. Постапката за рангирање ќе се применува бидејќи бараната сума е над расположливиот буџет за јавниот повик.

| **Бр. на јавен повик** | **Мерка** | **Поднесени барања** | **Одбиени барања** | **Вкупен број на барање пред одобрување** | **ЕУ придонес** |
|---|---|---|---|---|---|
| 01/2023 | Мерка 1 | 902 | 314 | 95 | 38.614.767 € |
| | Мерка 7 | 257 | 89 | 21 | 35.023.204 € |
| Вкупно | | 1159 | 403 | 116 | 73.637.971€ |

** Извор – статистички податоци добиени од ИПАРД Агенција во евра*

Според податоците на Агенцијата, бараниот износ (ЕУ дел) на првиот јавен повик по ИПАРД III за двете мерки (1 и 7) изнесува 73.637.971 евра, при што бараната финансиска поддршка е над сумата што е достапна за овој повик.

Во април 2024 година е објавен јавен повик за мерка 3. Постапката за аплицирање е во тек.

3. ***<u>Резиме од верификација и контроли извршени од старна на Управуачката структура</u>***

Годишниот план за верификациски посети за 2024 година е донесен на 25 јануари 2024 година и предвидува (2) две верификации поврзани со ИПАРД III, и тоа:

- Проценка на дизајнот и воспоставените системи за управување и контрола за спроведување на мерката Инвестиции во рурална јавна инфраструктура од ИПАРД III Програмата и
- Административна проверка на одбиените проекти и процес на рангирање по новиот јавен повик 01/2023 од ИПАРД III Програмата.

Во текот на 2023 година беше извршена една верификациска посета поврзана со ИПАРД III Програмата (ИПАРД III акредитација/доверување) со цел да се потврди усогласеноста на воспоставениот/дизајнираниот систем со барањата за ИПАРД III. Оваа активност беше финализирана со официјалното поднесување на барањето за доверување на Програмата ИПАРД 2021-2027.

4. ***<u>Акредитација на нови мерки – Инвестиции во рурална јавна инфраструктура</u>***

Министерството за финансии, во соработка со ИПАРД структурите (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ИПАРД Агенцијата), интензивно подготвува пакети за акредитација на нова мерка од ИПАРД III Програмата - Инвестиции во јавна рурална инфраструктура.
Со акредитација на мерката Инвестиции во јавна рурална инфраструктура, на земјава ќе и се стават на располагање 9,25 милиони евра ИПА средства, со што се очекува да се зголеми апсорпцијата на средствата.
Пакетот е финализиран од ИПАРД структури оценети од НАО/УС и ќе биде доставен до ревизорското тело за усогласеност.
Нашето очекување е структурите до крајот на третиот квартал да го достават барањето до Комисијата.

5. ***<u>Финансиско управување</u>***

Барање за исплата за претфинансирање е испратено до ЕК (допис бр. 10-413/1 на 24.01.2024 година) во износ од 12.600.000,00 евра и 50% од износот е одобрен и примен на ИПАРД III евро сметка на 26.03.2024 година.
Во овој период не се направени никакви трансакции.